# 70. СВАДБА МАКЕДОНСКА




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 70. СВАДБА МАКЕДОНСКА

1. Свадба македонска да направам
мома македонска јас да земам,
со дукати мамо наредена
и со срма мамо накитена.

Рефрен:
Моми македонки
песна да запеат
момци македонци
оро да играат.

2. Ни другари мамо, ни роднини
во туѓина свадба не се прави
кој орото мамо ќе го води,
кој сватови мамо ќе ми идат.

Рефрен: Моми ........

3. Мерак ми е дома да си дојдам
браќа, сестри, роднини да видам
песна македонска да запеам,
оро македонско да заиграм.

Рефрен: Моми ....

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996